Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 0801-85/13
13.10.2021 Година

Постапувајќи по претставката бр. 0801-85 од 21.05.2021 година, поднесена од [redacted], против Комисија за распоредување и унапредување при Министерството за Внатрешни Работи на Република Северна Македонија, за извршена директна дискриминација по основ на образование во областа на работа и работни односи, , Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/30.10.2020 година), на 12.10.2021 го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА** дискриминација по основ образование, во област - работа и работни односи, извршена од страна на Комисијата за распоредување и унапредување при Министерството за Внатрешни Работи на Република Северна Македонија, врз подносителот на претставката [redacted] - виш инспектор вработена во МВР со место на живеење во [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во претставката за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] против Комисијата за распоредување и унапредување при Министерството за Внатрешни Работи на Република Северна Македонија што е поднесена до КСЗД на 21.05.2021 година, [redacted], наведува дека врз неа била *извршена дискриминација во постапка по интерен оглас за вработување на **Главен советник** во Секторот за прекршоци, на кој, според нејзино тврдење уредно аплицирала.* Подносителката тврди дека иако ги исполнувала условите пропишани во интерниот оглас, на ден 13.04.2021 со известување број 13.3.1-33308/1 од 06.04.2021 г, од страна на Комисија за распоредување и унапредување при МВР била известена дека не била избрана за работното место за кое аплицирала.

Поради ваквото однесување поднесена е претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за понатамошно постапување согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во претставката подносителката наведува дека до денот на поднесување на претставката на едно од работните места барани со Интерниот оглас започнало да работи лице со завршен факултет за безбедност, додека за другото испразнето место, воопшто не бил извршен избор на кандидат, односно местото останало непополнето и за истото трипати бил реобјавуван оглас, а пријавата на подносителката секогаш била игнорирана без да се наведат причини поради кои ја одбиваат. Таа


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

во одговорот на Министерството за внатрешни работи со рег. Бр.13.3.1- 59808/2 од 08.07.2021 година страна 2.

На 15.09.2021 година до архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација стигна одговор од страна на Министерството за внатрешни работи со бр. 83761/2, во кој беа наведени условите и насоките за можност за пристап до бараните податоци, со вршење непосреден увид во персоналното досие на применоит кандидат.

На 24.09.2021 година во 10:00, беше извршен непосреден увид во просториите на МВР во персоналното досие на примениот кандидат по огласот, од страна на членот на КСЗД – известител по предметот – Лимко Бејзароски, од каде беа обезбедени бараните документи: Решението и Одлуката со бр: 13.3-26788 од 18.03.2021 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација отвори расправа по прибавените материјали/копии од извршениот непосреден увид и утврди дека примениот кандидат во моментот на поднесување кандидатура за главен советник по интерниот оглас бил на вертикална позиција Д, додека подносителката на претставката се наоѓала на различна вертикална позиција Ж, различна од бараната, од што утврди дека Комисијата за распоредување и унапредување при МВР постапила согласно чл. 106 ст. 1 и 3, чл. 107 и чл. 109, од Законот за внатрешни работи.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека Комисијата за унапредување и избор во МВР, во постапката за прием по огласот, не извршиле дискриминација по било кој основ врз [redacted] во Одделот за прекршоци во МВР, како што е наведено во диспозитивот на утврденото мислење.

Известител: член на КСЗД
**Лимко Бејзароски**
Скопје, 13.10.2021 г.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација Скопје

Доставено до:
- [redacted]
- МВР- Оддел за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk